Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на чл.105 ст.1 ал.1 од Уставот на Република Северна Македонија, чл.41 и чл.46 ст.1 т.1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и чл.47 ст.1, чл.49 и чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 10.03.2025 година, донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

за судија на Основен суд Куманово е избран/на:

1. **Натали Колев Бојковиќ - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.**

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## Образложение

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на судии во Основен суд Куманово („Службен весник на РСМ" бр.27/2025 од 07.02.2025 година).

На објавениот оглас за избор на судии на Основен суд Куманово се пријавиле 4 кандидати кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Постапката за избор на судии на Основен суд Куманово Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители.

Советот спроведе психолошки тест за проверка на социјалните способности и тест за интегритет за проверка на етички и морални вредности на кандидатите, тест за проверка на знаењето на практична работа со компјутери и изврши интервју со кандидатите.

Советот формираше Комисија составена од членови на Советот која изготви ранг листа и до Советот ја достави следната ранг листа од кандидати:

| Ред. бр. | Име | Презиме | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведено интервју | Бодови од успех во АСЈО | Вкупен број на бодови | Суд за кој конкурирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Натали | Колев Бојковиќ | 16.01.2025 | 5,71 | 57,10 | 62,81 | ОС Куманово |
| 2 | Бехар | Амети | 16.01.2025 | 5,61 | 56,16 | 61,77 | ОС Куманово |
| 3 | Арефат | Весељи | 16.01.2025 | 5,44 | 54,44 | 59,88 | ОС Куманово |
| 4 | Арменд | Мехмети | 16.01.2025 | 5,39 | 53,94 | 59,33 | ОС Куманово |

Согласно чл.23 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.74/19, 186/20 и 5/23) Судскиот совет гласаше редоследно по ранг листата.

Кандидатот од ранг листата Натали Колев Бојковиќ со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас. Со 5 гласа „За“, кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Натали Колев Бојковиќ е кандидат од 8-та генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, дипломирал на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, Правен факултет Јустинијан Први, а правосуден испит положил на 19.11.2015 година, има вкупен работен стаж од 9 години и 28 денови, односно 9 години и 28 денови по положен правосуден испит.

Имајќи го предвид наведеното, Советот го/ја избра Натали Колев Бојковиќ за судија на Основен суд Куманово.

**Бр. 09-670/25**
**18.03.2025**
**СКОПЈЕ**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**